**20250440987**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 9 став 2 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.254/24), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 25 февруари 2025 година, донесе

## УРЕДБА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПОБЛИСКИТЕ КРИТЕРИУМИ И НАЧИНОТ НА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА ДОДАТОК НА ПЛАТА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО БУЏЕТСКИТЕ КОРИСНИЦИ, ЕДИНКИТЕ КОРИСНИЦИ И ФОНДОВИТЕ

Член 1

Со оваа уредба се утврдуваат поблиските критериуми за остварување на правото на додаток на плата и начинот на утврдување на висината за остварување на правото на додаток на плата до 30% од износот на основната плата заради специфичност на работите и работните задачи и зголемен обем на работа на вработените во буџетските корисници, единките корисници и фондовите.

Член 2

Додатокот на плата од членот 1 од оваа уредба кој се утврдува за вработените во буџетските корисници, единките корисници и фондовите е со цел вреднување на нивната успешност, компетенциите, унапредувањето на организацијата и стандардизираните процедури на работа, градењето на организациските капацитети, ефикасното извршување на надлежностите и квалитетната услуга во интерес на граѓаните и правните лица, а со тоа и надминување на очекувањата на раководното лице на буџетскиот корисник, единката корисник и фондовите и/или непосредно претпоставениот во исполнувањето и остварувањето на стратешките планови и програми на буџетските корисници, единките корисници и фондовите.

Член 3

Вработените во буџетските корисници, единките корисници и фондовите, без избраните и именуваните лица, го остваруваат правото на додаток на плата во висина до 30% од износот на основната плата, само доколку во Буџетот на буџетскиот корисник, единката корисник и фондовите, во делот наменет за плати, има обезбедено средства за оваа намена.

Обезбедените средства за оваа намена подразбираат дека месечното барање за исплата на плата не е поголемо од месечното право на трошење, утврдено без планираните средства за нови вработувања, унапредувања и усогласување на плати.

Висината на додатокот на плата се изразува во проценти од износот на основната плата на вработените во буџетските корисници, единките корисници и фондовите во зависност од исполнетоста на критериумите од членот 4 од оваа уредба.

Член 4

На вработениот може да му биде утврден додаток на плата од член 1 од оваа уредба врз основа на следните критериуми:

- извршување на посеопфатни работи и работни задачи во однос на работите и задачите кои вообичаено се извршуваат;
- постојана достапност на вработениот на секретарот, односно раководното лице на буџетскиот корисник, единката корисник и фондот или на непосредно претпоставениот;
- извршување на работни задачи во скратени рокови и постоење на потреба од итно постапување;
- извршување на работи и работни задачи поврзани со класифицирани информации;
- подготовка на стратешки документи, анализи и извештаи од сложен карактер од надлежност на буџетскиот корисник, единката корисник и фондот;
- значително зголемен обем на работни задачи поради недоволен број на вработени и одлив на кадар во организационата единица;
- извршување на работи и работни задачи на отсутен работник во текот на подолг временски период, а при тоа нема вработено лице за негова замена на определено време;
- извршување на дополнителни работи и работни задачи врз основа на задолжение во писмена форма, решение или овластување, а кои не се во описот на работното место;
- учество во работни групи, комисии, комитети или тела за кои со општ или посебен пропис/акт не е определен надоместок за учество во работата на истите;
- извршување на работни задачи кои произлегуваат од проектни активности во организационата единица;
- вршење на практично менторство;
- квалитетно давање на услуги кон граѓаните и бизнисот;
- извршување на работи и работни задачи за имплементација на проекти поврзани со инструментот за претпристапна помош (ИПА) и
- извршување на работи и работни задачи поврзани со процесите за дигитализација, односно развој на ИКТ општество.

За утврдување на додатокот на плата треба да бидат исполнети најмалку четири од критериумите од ставот 1 на овој член.

Член 5

Предлог за остварување на правото на додаток на плата од членот 1 од оваа уредба може да поднесе непосредно претпоставениот или секретарот.

По исклучок од ставот 1 на овој член, во случај кога непосредно претпоставен е раководното лице на буџетскиот корисник, единката корисник и фондот, во тој случај не се поднесува предлог, туку раководното лице врз основа на исполнетост на условите од членот 4 од оваа уредба донесува решение за утврдување на правото на додаток на плата.

Предлогот од ставот 1 на овој член се поднесува до раководното лице на буџетскиот корисник, единката корисник и фондот, најдоцна до 10-ти во месецот и истиот се однесува за претходниот месец.

Предлогот од ставот 1 на овој член се поднесува на пропишан образец, кој е даден во Прилог и е составен дел на оваа уредба.

Член 6

Раководното лице на буџетскиот корисник, единката корисник и фондот, во рок од пет работни дена одлучува по предлогот од членот 5 став 1 од оваа уредба и донесува решение.

Член 7

Оваа уредба влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 50-1738/22
25 февруари 2025 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.

ПРИЛОГ

Врз основа на член 5 став 1 од Уредбата за утврдување на поблиските критериуми и начинот на утврдување на висината за остварување на правото на додаток на плата на вработените во буџетските корисници, единките корисници и фондовите („Службен весник на Република Северна Македонија“бр.../25), во својство на непосредно претпоставен/секретар на буџетскиот корисник/единката корисник/фондот, поднесувам

**ПРЕДЛОГ**
**ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВО НА ДОДАТОК НА ПЛАТА ЗА МЕСЕЦ ________________ 2025 ГОДИНА**

**за вработениот ____________________, распореден на работно место во Сектор ______________________, одделение ___________________________, со звање ______________________ .**

**Додатокот на плата за вработениот го предлагам во висина од ___________%, по основ на следните критериуми:**

______________________________________________________________

______________________________________________________________

**Образложение на Предлогот**

______________________________________________________________

______________________________________________________________

**Овој предлог го поднесувам до раководното лице на буџетскиот корисник/единката корисник/ фондот.**

**ПОДНОСИТЕЛ НА ПРЕДЛОГ**

____________________

**/име, презиме и потпис/**